Енес, Аллах нека е задоволен со него, бил прашан: „Какво беше рецитирањето на Куранот од страна на Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем?“ Тој одговорил: „Тоа беше со продолжување (т.е. со мед).“

Катаде раскажува: Енес, Аллах нека е задоволен со него, бил прашан: „Какво беше рецитирањето на Куранот од страна на Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем?“ Тој одговорил: „Тоа беше со продолжување (т.е. со мед).“ Потоа рецитирал: „Бисмиллахир Рахманир Рахим“ (Ел-Фатиха: 1) – па оддолжуваше во „Бисмиллах“, потоа „Ер-Рахман“, па „Ер-Рахим“.

[رواه البخاري] [صحيح]

Енес бин Малик, Аллах нека е задоволен со него, бил прашан како Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, го рецитирал Куранот. Тој рекол: „Го оддолжуваше гласот во рецитирањето.“ – па ја оддожуваше буквата „лам“ во „Аллах“, буквата „мим“ во „Ер-Рахман“ и буквата „ха“ во „Ер-Рахим“.

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/65245